Вклучување на нови точки во дневниот ред

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право писмено да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки ако истовремено приложат образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето за вклучување на нови точки во дневниот ред или предлог одлуката се доставува писмено во Друштвото во оригинален примерок, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот физичко лице, или пак назив, седиште, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот правно лице и заверка со печат.